Здружение на новинарите на Македонија

Референтен број: IPA/2022/440-473-AJM – 006
Наслов на проектот: „Заштита на слободата на изразување и независноста на медиумите како столбови на демократијата во Република Северна Македонија“ (Safeguarding the freedom of expression and independence of media as pillars of democracy in the Republic of North Macedonia)
Лот: 5.2.1 – Публикации – Мета дата извештај (Meta data report (A1.1.3))

# ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

## (TERMS OF REFERENCES)

## ИЗРАБОТКА НА МЕТА ДАТА ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБИТЕ ПОВРЗАНИ СО ПРАВАТА НА НОВИНАРИТЕ, СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НЕЗАВИСНОСТА НА МЕДИУМИТЕ

### За проектот:

Општата цел на проектот е да придонесе за создавање поповолна правна и политичка средина за практикување на слободата на изразување и независноста на медиумите како столбови на демократијата во РСМ и заштита на основните права на новинарите.

Дополнително, проектот има за задача да придонесе кон поголемата новинарска солидарност и да ја зајакната улога на ЗНМ за активна заштита на новинарската професија, а со тоа да поттикне и промовира одржливи системски решенија за поповолна медиумска средина во дијалог со медиумската заедница и владините институции при креирање медиумски политики.

Една од клучните активностите на проектот е изработка на мета дата извештај за тековните состојби поврзани со правата на новинарите, слободата на изразување и независноста на медиумите, со цел да се обезбеди посеопфатна слика за тоа каде сме, но и каде сакаме да бидеме кога станува збор за правата на новинарите, слободата на изразување и независноста на медиумите во земјата.

Проектот „Заштита на слободата на изразување и независноста на медиумите како столбови на демократијата во Република Северна Македонија“ е финансиран од Европската Унија. Времетраењето на проектот е 24 месеци (01.01.2023-31.12.2024).

### Контекст

Како што е наведено во повеќе релевантни меѓународни (EU, US Department of State, RsF, Amnesty International) и национални (2022 National report, 2022 Journalists’ Safety Index) извештаи, состојбата со новинарството во Северна Македонија, и покрај одредени подобрувања на општата климата за независноста на медиумите, останува кревка. Поларизација, недостаток на плурализам, лошите работни услови и неодржливоста на медиумски компании го карактеризираат општиот медиумски пејзаж во земјата. Дополнително, според наодите од анкетата на членството на ЗНМ, спроведена за потребите за изработка на новиот Стратешки план на здружението за периодот 2023-2026 година, како и од прелиминарните заклучоци од мисијата за утврдување на факти[1], поврзани со слободата на

[1] Од 5 до 7 јуни 2023 година ЗНМ организираше мисија за проверка на фактите за слободата на печатот во РСМ каде претставници на пет реномирани меѓународни новинарски и медиумски организации (Европската федерација на новинари (ЕФН), Европскиот центар за слобода на печатот и медиумите (ЕЦПМФ), Фри Прес Унлимитед (ФПУ), Меѓународниот институт за печат (IPI) и Osservatorio Balcani e Caucaso Transeuropa (ОВСТ)) се сретнаа со клучни државни и владини претставници (вклучувајќи го претседателот на Републиката, г-дин Стево Пендаровски, претседателот на Собранието, г-дин Талат Џафери, Претседателот на Владата, г. Димитар Ковачевски, Министерот за информации и јавна администрација, г. Азир Алиу), со претставници од меѓународната заедница во земјата (амбасадорот на ЕУ, г. Дејвид Грир, заменик-службеникот за односи со јавноста Аугуста Филбин од Амбасада на Соединетите Американски Држави) и други медиумски релевантни институции (директорот на Македонската радио телевизија, г. Марјан Цветковски; директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, г. Зоран Трајчевски). Клучните наоди на мисијата беа презентирани на прес-конференцијата одржана на 7 јуни 2023 година

печатот, спроведена во јуни (5-7 јуни) 2023 година во Скопје, како најгорливи предизвици и потреби што бараат дополнителна анализа на состојбите се наметнаа:

- Предизвиците со **прекршување на авторските права** на новинарите и медиумските работници, вклучително и правната рамка, механизмите за спроведување, новите трендови и технолошките достигнувања кои влијаат на заштитата на авторските права во медиумската индустрија во РСМ.
- Потребата од **формирање на фонд за медиумски плурализам** за да се обезбеди објективно и правично распределбата на поддршката, поддржувајќи квалитетни содржини, различност на уредничките позиции и условите за работа на новинарите
- Предизвиците со **нарушување на медиумскиот пазар со платени политички кампањи за време на изборниот процес** (Изборен закон)**,** концепт кој дозволува политичките партии и останатите политички субјекти со јавни пари да плаќаат партиско-политички пораки и содржини во традиционалните и дигиталните медиуми.

## Цел на повикот:

Целта на овој повик ангажирање на тројца надворешни соработници / експерти за изработка на Мета дата извештај во кој детално ќе биде прикажана состојбата за секоја од трите посочени потреби (сеопфатна слика за тоа каде сме сега) и ќе понуди издржани препораки (каде сакаме да бидеме кога станува збор за правата на новинарите, слободата на изразување и независноста на медиумите).

## Задачи:

Клучните задачи и одговорности на секој од тројцата ангажирани експерти / стручни соработници вклучуваат:

- Подготвителни активности: Преглед на релевантни документи (закони, национални и странски истражувања на темата како и владини стратегии, и слично) и достапни секундарни податоци (останати анализи, извештаи, и слично) поврзани со регулирање и заштита на авторските права на новинарите и медиумските работници, обезбедување на медиумски плурализам преку квалитетни медиумски содржини и почитување на јавниот интерес, и гарантирање на новинарска безбедност и медиумска независност, особено во време изборни циклуси, како и практики во земји каде што политичките кампањи пред избори не се финансираат и не се присутни, односно се финансираат, но под строги правила и со висок степен на транспарентност (Изборен закон), во земјава и во други земји од Западен Балкан и ЕУ; Изработка на преглед/структура на извештајот;
- Пишување на извештајот: Изработка на концизен Извештај кој ќе ги сумира наодите и ќе даде препораки
- Анекс кон извештајот: Преглед на примери од добра и лоша пракса во земјите од регионот и ЕУ, со коментар зошто одреден пример би требало или не би требало да се земе предвид кај нас.

Финалниот продукт, интегрално, треба да биде најмногу до 36 страници (или 65.000 карактери), на македонски јазик.

Извештајот ќе бидат преведен на албански и англиски јазик и ќе биде публикуван во хартиена верзија и во дигитален формат, достапен преку комуникациските канали на ЗНМ.

**Временска рамка (24 работни дена)**

Прв соработник /експерт (8 работни дена)

| | |
|---|---|
| Подготвителни активности | 4 дена |
| Пишување на извештајот | 4 дена |

Втор соработник /експерт (8 работни дена)

| | |
|---|---|
| Подготвителни активности | 4 дена |
| Пишување на извештајот | 4 дена |

Трет соработник /експерт (8 работни дена)

| | |
|---|---|
| Подготвителни активности | 4 дена |
| Пишување на извештајот | 4 дена |

Периодот за реализација (спроведувањето на задачите и испорака на извештајот) е 30 календарски дена и почнува со датумот на потпишување на договорот.

**Квалификации и искуство**

Соработниците /експертите треба да ги исполнуваат следните минимални услови:

- Универзитетска диплома по право, безбедност, или друга сродна област (предност ќе имаат кандидатите со завршени магистерски или докторски студии)

- Темелно разбирање за состојбите со медиумите и правната рамка во Северна Македонија,

- Повеќе од 3 години искуство во истражување и следење на медиумските политики и/или законските аспекти поврзани со правата на новинарите, слободата на изразување и медиумската независност

- Објавени стручни публикации во последните 3 години во доменот на медиумски политики.

- Одлични аналитички, пишувачки и известувачки вештини.

- Способност за тимска работа

- Напредно познавање на англискиот јазик

**Финансиски надомест:**

Максималниот буџет за оваа набавка изнесува 246,000 денари бруто (по 82,000 денари бруто за секој соработник / експерт), и ги вклучува сите трошоци што можат да се појават во текот на извршувањето на работата.

Предвидениот износ е пресметан врз основа на просечната пазарна цена и приближниот број на денови на ангажман за ваков тип на услуга.

Плаќањето ќе се врши според следнава динамика:

- 100 % по извршување на сите задачи од договорот и барањето за набавка на услуга.

Здружение на новинарите на Македонија

# ТАБЕЛА ЗА ОЦЕНКА НА ПОНУДА ЗА НАБАВКА НА БАЗА НА ГЛОБАЛНА ЦЕНА

Референтен број: IPA/2022/440-473-AJM – 006
Наслов на проектот: „Заштита на слободата на изразување и независноста на медиумите како столбови на демократијата во Република Северна Македонија“ (Safeguarding the freedom of expression and independence of media as pillars of democracy in the Republic of North Macedonia)
Лот: 5.2.1 – Публикации – Мета дата извештај (Meta data report (A1.1.3))

**Оценување на техничкиот капацитет:**

| **Проценка на технички капацитет (Вкупно поени):** | **/ 100** |
|---|---|
| **Компетентност** | **/50** |
| Универзитетска диплома по право, безбедност, или друга сродна област (предност ќе имаат кандидатите со завршени магистерски или докторски студии); Темелно разбирање за состојбите со медиумите и правната рамка во Северна Македонија, Одлични аналитички, пишувачки и известувачки вештини; Способност за тимска работа; Напредно познавање на англискиот јазик | /50 |
| **Претходно искуство** | **/50** |
| Повеќе од 3 години искуство во истражување и следење на медиумските политики и/или правни аспекти поврзани со правата на новинарите, слободата на изразување и медиумската независност; Објавени стручни публикации во последните 3 години во доменот на медиумски политики. | /50 |

Максималниот број поени што може да се добие при проценка на техничките капацитети е 100. Минималниот број на поени што понудувачот треба да ги постигне при проценка на техничките капацитети со цел понудата дополнително да се разгледа е 80.

На понудата со најголем број поени се доделува максималниот бројот на бодови, односно 80. Другите понуди добиваат број на поени за успешност, пресметани според следнава формула: Технички резултат = (вкупен број на поени постигнати при проценка на предметната техничка понуда) / (вкупен број на бодови постигнати при проценка на најдобрата техничка понуда) x 80.

**Оценување на финансиската понуда:**

| **Оценка на финансиска понуда (Вкупно поени):** | **/ 20** |
|---|---|
| Цена | /20 |

Понудата со најниска цена добива најголем број на бодови, односно 20. Другите понуди добиваат број на бодови за успешност според следнава формула: Финансиски резултат = (најниска цена / цена на понуда што се разгледува) x 20

**Критериум за доделување на договор:**

Критериум за доделување на договорот е најдобрата вредност за парите. Најдобрата вредност за парите се одредува со проценка на техничките капацитети и цената, во сооднос 80 /20 (бодови).

Со собирање на бодовите за техничките капацитети и за финансиската понуда, се добива вкупниот број на освоени поени според кои се рангираат понудите.